**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**
УП1Бр.12-95 од 14.04.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран, решавајки по барањето на Друштво за произвотство, трговија и услуги„ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ„ Сашко Иванов Дооел од Битола, со бр. УП1Бр.12-95 од 11.04.2022година, за одобрување на планска програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 32/20), го издава следното:

Р Ш Е Н И Е

Се одобрува Планска програма, со технички број 0801-05-03/22 од 03/2022година, изработена од Друштво за произвотство, трговија и услуги„ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ„ Сашко Иванов Дооел од Битола, за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ДТПУ „ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ„ Сашко Иванов Дооел од Битола , поднесе барање за одобрување на Планска програма, со технички број 0801-05-03/22 од 03/2022година, за плански опфат кој опфаќа простор од 2,81 ха, изработена од ДТПУ „ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ„ Сашко Иванов Дооел од Битола, за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран.
Урбанистички план вон населено место со кој плански опфат се планираат содржини кои спаѓаат во следните групи на класи на намени:
Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило
Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани,

Со барањето ја приложи следната документација:

- Планска програма за изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран - изработена од ДПТУ „ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ„ Сашко Иванов Дооел од Битола, со Тех.број 0801-05-03/22 од 03/2022год., за плански опфат кој опфаќа простор од 2,81 ха.
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени, Ажурирана геодетска подлога на КП.бр.277/2 и КП.бр.277/3 во КО.Сретеново,

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Дојран со решение Бр.09-1252/1 од 30.10.2018година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Планската програма може да се одобри.

Истото го потврди со Предлог за одобрување со број УП1Бр.12-95 од 06.04.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од член 44 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.32/20), и член 43 од Правилникот за Урбанистичко планирање.

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Дојран одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил:Блажо Катранџиев

Blazho Katrandjiev

Digitally signed by Blazho Katrandjiev
Date: 2022.04.14 15:25:16 +02'00'

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

**АНГО АНГОВ**

Ango Angov

Digitally signed by Ango Angov
Date: 2022.04.14 15:24:00 +02'00'